Ова го покажа истражувањето спроведено во три клучни области кое МЦМС го презентираше во новиот **Извештај за овозможувачка околина за развојот на граѓанското општество** кој се однесува на периодот **од јануари до ноември 2014**
.




Во првата област, **основни загарантирани законски слободи**, се констатира дека **правната рамка е солидна**
и дека правото и слободата на јавен собир значително се практикува. Сепак, забележани се
**дневнополитички злоупотреби**
и изолирани случаи на ограничување на просторот на собирање, користење повеќебројно/ несразмерно присуство на полициска сила на мирни собири.

Во рамки на втората област, **финансиска одржливост на граѓанските организации**, наодите од истражувањето покажуваат дека
**државното финансирање**
, вклучително и средствата генерирани од игри на среќа и забавни игри (лотарии)
**не е реформирано**
. Отсуствува институционалната поддршка од државата за граѓанските организации, како и кофинансирање на ЕУ и меѓународни проекти. Граѓанските организации се изедначени со другите правни лица во поглед на даночните закони, т.е немаат олеснувања.

Во третата област, **односот меѓу владата и граѓанските организации**, се упатува на **недостиг од политичка волја за суштинска соработка**
, и покрај преземените првичните чекори за воспоставување совет за развој на граѓанското општество.

Дополнително, во овој извештај истакната е важноста од **задолжително вклучување на граѓанското општество во процесите на подготовка на закони и креирање политики**
.



МЦМС **втора година** по ред го издава Извештајот за овозможувачката околина за развој на граѓанското општество кој се заснова на следење на состојбите во националното законодавство и политиките важни за развојот на граѓанското општество во Македонија и нивната примена во пракса.

Извештајот е дел од активностите кои се спроведуваат во рамките на проектот „Аквис (Acquis) на Балканското граѓанско општество - Јакнење на потенцијалот и капацитетите на ГО за застапување и лобирање“, финансиран од Европската комисија и спроведуван од БЦСДН и членките на БЦСДН, во партнерство со Европскиот центар за непрофитно право (ЕЦНЛ) и Европската мрежа на национални граѓански организации (ЕННА).